РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1479/2
17-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата по предметот со број 12-1479/1 од 12.05.2025 година, во која е изразено незадоволство од постапувањето на Основниот суд /// и на Апелациониот суд ///, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1479/1 од 12.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.05.2025 година оформен е предмет по пријава во која е изразено незадоволство од постапувањето на Основниот суд /// и на Апелациониот суд ///.

Во пријавата е содржано барање за помош во решавање на проблем настанат по судски пресуди како и поплака во врска со работата на Основниот суд /// и Апелациониот суд ///, заведено во ДКСК под број 03-1402/1 од 29.04.2025 година. Барањето е адресирано до повеќе институции: Министерството за правда, Врховниот суд, Народниот правобранител, Претседателот на Основниот суд Куманово, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Претседателот на Владата на Република Северна Македонија. Истото е препратено

до ДКСК на нејзино запознавање и во него не е содржано конкретно барање за нејзино надлежно постапување.

Во врска со примените барање, во ДКСК со службена белешка е оформен предметот број 12-1479/1 од 12.05.2025 година.

По разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека во случајот за пријавените дејствија друг орган е надлежен да постапува - Судскиот совет на Република Северна Македонија, кој согласно член 36 став (1) алинеја 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите.

Оттаму, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, а предметната пријава ќе ја достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930